Изготвил:

Одделение за општи и правни работи:

советник за образование

Ванчо Новоселски

советник за односи со јавноста и протокол

м-р Даниела Такева

Контролирал:

раководителка на Одд. за општи и правни работи:

Ивана Ивановска

Предлагач

Градоначалник

Горан Трајковски

Донесува:

Совет на Општина Делчево

# Програма за образование на Општина Делчево за 2025 г

**декември 2024**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 15, став 1 точка 8 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 42 Седница, одржана на 26. 12. 2024 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за образование на**
**Општина Делчево за 2025 година**

## I ВОВЕД

### 1. Појдовна основа на Програмата за активности на Општина Делчево од обласа образование за 2025

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и на економскиот живот во општеството. Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување, како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од која било возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво, пак, дава можност за севкупен развој на заедницата. Од тука, смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди

квалитетот на стандардите во спроведување на образованието со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување одлуки и во процесот на управување со училиштата, како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање.

Предизвиците на училиштата и учењето во 21 век се во насока дека мора да се води сметка за потребата на поединецот за академски развој и да се дадат можности на овие поединци да функционираат добро во општеството врз основа на барањата што ги поставува општеството, исто така обезбедувајќи му на поединецот етичка платформа со цел да придонесе за одржлив развој кој ја штити основата на општеството; природата и природната средина. Општина Делчево верува дека овој сеопфатен начин на размислување - каде што образованието е надградба за целото учење - ја обезбедува оваа комбинација, но истовремено се прават напори да се задржи потрадиционален поглед на учењето кој на сите деца ќе им обезбеди добар развој, академско знаење и добри вештини, во исто време кога можеме да им дадеме посеопфатен поглед на општеството и светот што ги опкружува. Ова се заснова на модел кој има цели насочени кон ученици да се разбираат и да се грижат за себе, да се разберат и да се грижат едни за други, за својата заедница, природата и планетата како и да бидат во можност во иднина да носат добри, одржливи одлуки за иднината на едно демократско општество.

Улогата на општините во образовниот систем е обезбедување и одржување на образовната инфраструктура која се состои од училишни згради и опрема, транспорт, наставни средства, како и управување со образовните фондови и образовниот кадар.

Општина Делчево при донесувањето на Програма за образование внесува веќе применети практики и искуства.

Програмата за образование за 2024 година на Општина Делчево дефинира повеќе приоритетни активности од областа на образование кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование за добробит на граѓаните на Општина Делчево.

Целите на програмата се јасно определени и од родов аспект, со вклучени согледувања од направените проценки на потребите и приоритетите на различните целни групи, вклучително специфичните потреби на жените и на мажите, односно на девојчињата и на момчињата.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за образование претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон развој и подобрување на квалитетот на образованието коешто во Делчево се одвива во три образовани институции и една детска градинка.

Програмата ги дефинира активностите и алатките кои ќе се имплементираат од Општина Делчево. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на образованието за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со советникот за образование под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на образованието работи со важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и од локалната самоуправа, односно програмата за образование на Општина Делчево за 2025 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)
- Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)
- Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002),
- Законот за еднакви можности на жените („Сл. весник“ бр. 201/15)
- Статут на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021)
- Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2018 и бр.7/21), -
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл. гласник на Општина Делчево бр.2/2018)
- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош (Сл.гласник на Општина Делчево бр.1/2023)

- Одлука за доделување средства за инклузија на деца РОМИ во ОЈУДГ „Весели цветови“
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел:**

Општа цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.
Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

**Специфични цели:**
Специфичните цели на Програмата на Општина Делчево од областа на образованието се во насока да се обезбедат активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите, девојчињата и момчињата од областа на образованието, изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес, планирање на развојот на образованието и подобрување на условите за реализација на образовниот процес, подобрување на квалитетот на образованието и

условите за работа во училиштата, креирање и спроведување образовни политики согласно со локалните потреби за развој на образовниот процес.

Основни специфични цели на Програмата се:

1. Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења.
2. Обезбедување еднакви образовни можности за момчињата и девојчињата.
3. Унапредување на наставниот процес, воннаставните и слободните активности во основни училишта и квалитетна реализацијата на наставниот план и програма и обезбедување квалитет и професионален развој на наставниците и воспитувачите.
4. Воннаставни активности во насока на негување на културата и на традицијата кај учениците/чките.

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

3.1 Воспитно -образовниот процес во Општина Делчево се реализира во три образовни институции од кои две се деветолетки, а еден средношколски центар. Во Делчево во учебната 2024/25 учат вкупно 1269 ученици од кои 605 се машки, а 664 се женски, а вкупниот број наставен кадар и помошен персонал во училиштата е 250 од кои жени се 159, а мажи 91.
Инаку, освен двете централни училишта за основно образование функционираат и седум подрачни училишта од кои четири подрачни училишта држат настава до петто одделение, а три подрачни училишта се со комплетно основно образование.

Условите за реализација на наставата во училиштата во Општина Делчево се прилагодени согласно со Законот за основно и средно образование. Наставата во училиштата се изведува во една смена. Во рамките на трите образовни институции постојат и спортски сали кои даваат голем придонес во развојот на спортот и училишните спортски клубови.
Правејќи анализа и користејќи споредбени податоци во Делчево се доведува до заклучок дека е алармантна состојбата со намалување на бројот на ученици. Во Делчево во тековната учебна година учат 124 ученици помалку во споредба со учебната 2022/23 година. Најголем пад на бројот на ученици има во СОУ, каде пред две години учеле 390 ученици (177м/ 213ж), а во тековната учебна година 320 (175ж/126м) или има намалување на бројот на ученици за 70 ученици.
Исто така, перманентно опаѓа и бројот на запишани првачиња. Во тековната 2024/25 година во двете основни училишта се запишале – 106 првачиња (52 м/ 54 ж), а споредбено со учебната 2022 г, кога се запишале 115 првачиња, додека пред 10 години, односно во 2015 г. вкупно првачиња се 142, а вкупниот број ученици во двете основни училишта изнесувал 1269 колку што денес учат ученици во трите образовни институции.

Водејќи се од целите за поттикнување за постигнување подобри резултати во образовниот процес на учениците/чките и наградувајќи го вложениот труд на талентираните ученици/чки, Општина Делчево воведе неколку мерки кои значат: поддршка на учениците и на нивните родители, но и даваат стимулација за да се запишуваат учениците во делчевските училишта, а воедно и наградувајќи го вложениот труд и постигнатите резултати на талентираните ученици. За таа цел се воведе еднократен паричен надомест во висина од 3.000 денари за секое запишано прваче во Делчево, а Општината доделува годишно 23 стипендии за одлични средношколци и талентирани студенти и една стипендија за ученик/чка со попреченост. Процесот на доделување стипендии е транспарентен и преку јавен повик.
Друга стимулативна мерка е и наградно патување на 10 најдобри матуранти за што Општина Делчево издвојува годишно во Буџетот 300.000 ден. Наградното патување е до европска дестинација и по избор на матурантите. Процесот е транспарентен со претходно објавен јавен тендер за избор на туристичка агенција која ќе го организира патувањето и согласно со Правилникот.
Исто така, Општината доделува и стипендии за учениците на генерацијата во двете основните училишта и во Средното општинско училиште, а наградени се и ученици кои освоиле прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар кој е сертифициран од МОН и БРО, а согласно со Правилникот за начинот условите и критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

При доделувањето на стипендиите, останува фактот дека повеќе од 80% од добитници на општински стипендии се девојчиња, наспроти момчиња и загрижува малиот интерес кај момчињата за постигнување поголеми резултати во образовниот процес. Минатата година во СОУ „М.М.Брицо“ , во 10-те најдобри матуранти се само 3 момчиња, додека пред две години, сите наградени се девојчиња. Истото се однесува и при доделување на општинските стипендии по конкурс. Од вкупно доделени 20 средношколски стипендии само 3 ги добиле момчиња. Овој диспаритет ја обврзува Општината и училиштата за преземање активности со цел мотивирање на момчињата за постигнување поголеми резултати во образовниот процес.
Следејќи ги трендовите и насоките од МОН, во СОУ „М. М. Брицо“ Делчево веќе четири години функционира дуално образование во стручните паралелки. Дуалното образование е систем во кој практиканствата во една компанија се комбинираат со училишните часови во стручното училиште. Овој процес има значајно влијание врз зголемувањето на можностите за вработување. Овој нов концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање стипендија од МОН.
Во СОУ „М.М.Брицо“ освен гимназиска насока, постојат и две стручни насоки: хемиско-технолошка насока и текстилно-кожарска насока. Се наметнува, сепак, прашањето колку стручните насоки во училиштето ги мотивираат учениците да се запишуваат во средното училиште во Делчево и останува и понатаму потребата, да се направи соодветна анализа и да се размислува за воведување нова стручна насока која ќе одговара на интерсот на младите луѓе од Делчево согласно со пазарот на трудот.

**3.2 Следува табеларниот приказ на ученици и вработени во училиштата, според пол и етничка припадност:**

| **Гимназиско образование и стручно образование 2024/2025 година** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Македонци** | | | **Роми** | | | **Турци** | | | **Вкупно** |
| | **М** | **Ж** | **Вк.** | **м** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк** | |
| **I година** | **29** | **35** | **64** | | **3** | **3** | | | | **67** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II година** | **33** | **42** | **75** | **6** | **3** | **9** | | **1** | **1** | **85** |
| **III година** | **23** | **42** | **65** | **1** | | **1** | **1** | | **1** | **67** |
| **IV година** | **41** | **56** | **97** | **1** | | **1** | **2** | **1** | **3** | **101** |
| **Вкупно** | **126** | **175** | **301** | **8** | **6** | **14** | **3** | **2** | **5** | **320** |

**ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО | М | Ж | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Директор | | 1 | 1 |
| Помошник директор | | 1 | 1 |
| Стр.соработници(педагог,социолог,библиотекар) | | 3 | 3 |
| Наставници | 9 | 36 | 45 |
| Административни работници(секретар, благајник, технички секретар) | | 3 | 3 |
| Помошен персонал | 6 | | 6 |
| **Вкупно** | **15** | **44** | **59** |

**1. Број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево за учебната 2024 – 2025 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 448 |
| Машки ученици: | 234 |
| Женски ученици: | 214 |

**2. Број на ученици според национален состав за учебната 2024 – 2025 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Македонци | 386 |
| Машки | 199 |
| Женски | 187 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Роми | 56 |
| Машки | 31 |
| Женски | 25 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Турци | 6 |
| Машки | 4 |
| Женски | 2 |

**3. Вкупен број на вработени во училиштето за учебната 2023 – 2024 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број вработени: | 74 |
| Мажи: | 30 |
| Жени: | 44 |

**1. Број на ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ – Делчево за учебната 2024 – 2025 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 501 |
| Машки ученици: | 247 |
| Женски ученици: | 254 |

**2. Број на ученици според национален состав за учебната 2024 – 2025 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Македонци | 474 |
| Машки | 232 |
| Женски | 242 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Роми | 22 |
| Машки | 14 |
| Женски | 8 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Турци | 2 |
| Машки | / |
| Женски | 2 |

**4. Вкупен број вработени во училиштето за учебната 2023 – 2024 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на вработени: | 117 |
| Мажи: | 46 |
| Жени: | 71 |

**3.3 Инклузија на ученици со попреченост- Во училиштата во Делчево** Трансформацијата на специјалните училишта во центри за поддршка, каде што главна улога ќе имаат образовните асистенти, беше неопходна промена во образовниот систем за децата со попреченост да го остварат правото на еднакви можности за образование и согласно Законот за основно образование. Правото на сите деца на образование е утврдено во голем број меѓународни договори и документи и е потврдено со голем број на законски обврзувачки и необврзувачки инструменти. Оттаму, државите имаат обврска да го почитуваат, штитат и исполнуваат правото на сите ученици на образование. Инклузивното образование се темели на пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и со Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, кои се прифатени од Република Северна Македонија. Во текот на оваа учебна, 2024/25 во Делчево во образовниот систем се опфатени 15 ученици со попреченост и ангажирани се 9 образовни асистенти.

**Број на ученици со проценка од МКФ во ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево за учебната 2024 – 2025 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 4 | М | Ж |
| | | 3 | 1 |
| Број на образовни асистенти | 3 | | |
| Број на лични асистенти | 0 | | |

**Ученици со попреченост во ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 10 | М | Ж |
| | | 8 | 2 |
| Број на образовни асистенти | 6 | 1 | 5 |
| Број на лични асистенти | | | |
| 1 посебна паралелка | 1 | 1 | |

**Ученици со попреченост во СОУ „М.М.Брицо“**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 1 | М | Ж |
| | | / | 1 |
| Број на образовни асистенти | | | |
| Број на лични асистенти | 1 | | 1 |

**3.4** Покрај училиштата во Општина Делчево функционира и детската градинка „Весели Цветови“. Во детската градинка за 2024 /205 година се згрижени 323 деца од кои 305 Македонци, Rоми 16 и 2 Турци од кои 154 машки и 169 женски.

Во 2023/2024 година во детската градинка се згрижени 358 деца.
Вработени во установата  за 2024/205 година има вкупно 54, од нив 52 се Македонци и 2 се Роми.
За 2023/2024 година вработени биле 53 од кои 47 жени и 6 мажи.
Воспитно-образовната дејност се одвива во еден објект, а како проблем се јавува големата листа на чекање за влез во детската градинка. Така, околу 130 дечиња се на листата за чекање за да бидат прифатени во детската градинка. За таа цел во Делчево преку МТСП се инвестира во изградба на нова детска градинка која треба да ја анулира листата на чекање и да овозможи современи услови за згрижување на дечињата и за воспитно-образовниот процес што значи инвестиција во раниот детски развој. Инвестицијата е вредна околу **60 милиони денари**. Новата детска градинка е на локација во населбата Расадник и е со капацитет од 130 дечиња. Изградбата на градинката се очекува да заврши во текот на 2025 година и за оваа година се планира и партерно уредување и опремување на градинката со потребниот мебел, опрема и дидактички материјали за наставниот процес.

### 3.5 Трендови

Образовниот систем во Република Северна Македонија ги одразува потребите на општеството за образовна, научна и постојана улога на образованието и науката за економскиот, социјалниот, технолошкиот и културниот развој на општеството во целина. Македонскиот образовен систем е децентрализиран. Управувањето со основните и со средните училишта е под надлежност на општините, освен средните училишта во главниот град Скопје кои се под надлежност на Град Скопје. Државата обезбедува финансиски средства за образованието во општините во форма на блок- дотации. Оние општини кои сè уште се во првата фаза од децентрализацијата добиваат блок- дотации за финансирање на одржување на инфраструктурата, а платите на вработените во училиштата сè уште се централно распределени. Општините кои се во втората фаза на децентрализација добиваат блок- дотациии за инфраструктура и за плати на вработените во училиштата. Управувањето со сите училишта за ученици со посебни потреби е под директна одговорност на Министерството за образование и наука.
Наставните програми по предметите во основното и општо средно образование и за општите предмети во стручното образование ги подготвува Бирото за развој на образованието, а за стручните предмети Центарот за стручно образование и обука. Обезбедувањето на квалитетот во образовните институции е под надзор на Државниот просветен инспекторат.

Посебен приоритет на Република Северна Македонија е образованието на возрасните, дејност која е регулирана со Законот за образование на возрасни и Законот за стручно образование. Системот на образование на возрасни го промовира Центарот за образование на возрасни, институција основана од Владата со цел преку образованието на возрасните да придонесе за остварување на социоекономските потреби на Македонија, да ги задоволи потребите на пазарот на трудот и да помогне поединци во нивниот личен развој.
Република Северна Македонија како програмска земја учествува во програмата Еразмус+. Трендовите во образованието, како дигитализацијата на образованието, дуалното образование, современи услови во наставата се приоритети на кои посветено се работи на нивна имплементација во Општина Делчево.

## IV АКТИВНОСТИ

### 4.1 Специфичната цел 1: Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето

**1. Еднократна парична помош за сите првачиња -** Општина Делчево од месец септември 2020 година воведе нова мерка која значи поддршка на родителите чие дете го започнува образовниот процес во делчевските основни училишта. Право на еднократна помош за првачe има секое семејство кое го запишало своето дете – првачe во основните училиште на територијата на Општина Делчево. Висината на паричната помош за секое првачe изнесува 3.000 денари. Постапката за доделување парична помош за првачe се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Делчево. Подносителот, исто така, потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош, а ги доставува и следниве документи:

- Барање и изјава
- Важечка лична карта на еден од родителите;
- Извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште;
- Трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош за прваче се поднесува во рок од три месеци од почетокот на школската година.

2. Поддршка на талентирани ученици и ученички:

а) Стипендии за првенци/ки на генерацијата; Овие стипендии се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот април од тековната година до СОУ и во месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 15 мај тековната година за СОУ и до 10 јуни тековната година за општинските основни училишта. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделуваа три стипендии за првенец на генерацијата во трите образовни институции. Стипендиите се исплаќаат во износ: 3.000 денари за првенец на генерацијата од СОУ и по 2.000 за првенците на генерацијата од двете основни училишта. Стипендиите се исплаќаат за период од 9 месец.

б) Награди за постигнати значајни резултати и освоени: прво, второ и трето место на меѓународни и државни натпревари. Врз основа на Правилникот за доделување награди и признанија на Општина Делчево се предвидено дека наградата се доделува на ученици во основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари. Под поимот место се подразбира само по еден ученик на организираниот натпревар да има го има освоено првото, второто или третото место.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од

15.000,ооденари за освоено прво место

10.000,ооденари за освоено второ место

8.000,ооденари за освоено трето место

Награда се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајни резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањата се доставуваат најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.

Барањата може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено ученикот.

Во прилог на барањето потребно е да се достави доказ, фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и утврдува дали се исполнети условите за доделување на наградата и да дава предлог до Градоначалникот кој донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

в) Стипендии за одлични ученици/чки во СОУ- одлични ученички и ученици кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и стипендии за одлични ученички и ученици кои постигнале особен успех во образованието. Во **првата категорија** се предвидени 10 ученички стипендии за одлични ученици од II, III и IV година во учебната 2024/2025 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 1.500 денари месечно, а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2025 година;

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 8 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето кои ги исполнуваат условите да се редовни ученици од II, III и IV година во учебната 2024/2025 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение, како и ученици кои освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари. Висината на стипендијата изнесува 2.000 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2025 година;

Стипендиите од точка в, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 2 се вработени во Општината, 2 се советници од Советот на Општината и 1 претставник од СОУ „М.М.Брицо“. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување стипендии и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15 дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на ученици за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

г) Стипендии за студенти кои студираат на државните факултети во државава: за студенти кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и за студенти кои постигнале особено висок просек. Во **првата категорија**, Општина Делчево доделува 2 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои се жители на Општина Делчево и студираат на државните универзитети во РСМ, а се редовни студенти со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 2.000 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец Јануари 2025 година.

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 2 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, редовни студенти од опшествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето. Висината на стипендијата е 3.500 ден.

Конкурсот за доделување стипендии се објавува во текот на **месецот јануари** од тековната година, на Огласната табла во Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“ Делчево, регионалните медиуми и веб-страницата на Општина Делчево- www.delcevo.gov.mk.

Стипендиите од точка г, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 3 се вработени во Општината и 2 се советници од Советот на Општината. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15 дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на студенти за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

**д) Наградно патување на најдобрите 10 матуранти од делчевската гимназија-** По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување, пофалување и наградување ученици/чки од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо“, се избираат 10 најдобри матуранти кои од Општина Делчево добиваат наградно

патување до европска дестинација по нивни избор. За оваа намена, Општина Делчево распишува тендер за избор на туристичка агенција која ќе го организира патувањето, за што во Буџетот на Општината се планирани 300.000 ден.

ѓ) **Промоција на општинските стипендии**- со цел поголема видливост на мерките на Општина Делчево и подобро запознавање на учениците/чките со овие мерки, Општина Делчево во текот на месец септември-на почетокот на школската година ќе изработи пропаганден материјал, како флаери, постери и сл., но ќе организира средби со учениците/чките во соработка со ученичката заедница во СОУ „М.М.Брицо“.

е) **Организирање дебата** за поттикнување на момчињата да добиваат стипендии и награди- Податоците со години наназад потврдуваат дека бројот на момчињата кои користеле стипендии по различни основи е многу помал во споредба со бројот на девојчињата, па за таа цел ќе се организираат мотивациони средби, дебати и сл со цел да се зголеми интересот и кај момчињата за добивање на општински награди и стипендии.

д) **Стипендија за ученик/чка со попреченост** во СОУ- Висината на стипендијата е 1.500 ден и таа ќе се исплаќа во период од 9 месеци. Стпендијата ќе се доделува по претходно распишан јавен повик.

Стипендиите од точка д, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 2 се вработени во Општината, 2 се советници од Советот на Општината и 1 претставник од СОУ „М.М.Брицо“. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување стипендии и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15 дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на ученици за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

ѓ) Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар.

**4.2. Специфична цел 2: Обезбедување еднакви образовни можности за сите ученици/чки.**

1. Парични награди за најдобри ученици Роми во трите образовни институции доделува Општина Делчево по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април за тековната учебна година. За најдобриот средношколец Ром, Општина Делчево доделува парична награда од 10.000 денари. По 5.000 денари добиваат најдобрите ученици Роми во основното образование, ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“. Овие парични награди на најдобрите ученици Роми во Делчево се традиционални и претставуваат мотивација на учениците да постигнуваат подобри резултати во образованието.

2. Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот и сл и организирање кампањи на тема меѓуврсничко насилство; активности со ОСБСП за зголемена безбедност во сообраќајот.

3. Обезбедување туторска настава за ученици Роми по предметите македонски, математика и англиски јазик за 2,3,4 и 5 одделение.

4. Инклузија на ученици/чки со посебни потреби во наставниот процес.

5. Инклузија на деца Роми во претшколско образование. Во детската градинка „Весели цветови“ во Делчево и во оваа учебна 2024/25 година ќе бидат згрижени 15 деца – Роми на возраст од 3 до 6 години кои се во социјален ризик, а во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи– детски градинки“. Целта на Проектот кој се реализира 18 години е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација, како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.
6. Воведување предмет ромски јазик и култура во ООУ „Ванчо Прке“. Доколку има потреба и барање од учениците/чките за изучување на ромскиот јазик и култира, а по претходна согласност од МОН, Општина Делчево ќе даде поддршка за воведување на овој предмет, како факултативен во ООУ „Ванчо Прке“.
7. Стипендија за ученик/чка со попреченост во СОУ.

**4.3.Специфична цел 3:** Подобрување на квалитетот на образовниот процес,

1. обуки за наставен и воспитувачки кадар со цел континуирана едукација на наставниот кадар од образовните институции и на воспитачкиот кадар од детската градинка и следење на новините во областа за образование и воспитување, образованите институции ќе соработуваат со БРО и со МОН, но и со други донатори.

2. осовременување на образовниот процес и условите во училиштата- Тековно се планираат реконструкции на училиштата (набавка и примена на нови образовни средства во кабинетите, реконструкција на тоалети, училници, училишни згради во централните и подрачните училишта и сл) и детските градинки.

3. Партерно опремување и опремување со мебел, опрема и дидактички материјали на новата детска градинка во нас Расадник со цел обезбедување современи услови за воспитно-образовната дејност и згрижување на дечиња во новата детска градинка.

4. Отворање на детската градинка во нас Расадник и прием на нови 130 дечиња и персонал. Во 2025 година се очекува да започне со работа новата детска градинка која Општина Делчево ја гради со поддршка на МТСП. Со отворањето на градинката ќе се анулира листата на чекање и ќе се обезбеди прием на сите дечиња во градинката со што директно ќе се влијае врз раниот детски развој и ќе се обезбеди навремена и стручна воспитно-образовна дејност

**4.4 Специфична цел бр. 4** –Воннаставни активности и негување на традицијата и културата кај учениците/чките

1. Вклучување на учениците/чките и децата од претшколска возраст во активности за одбележување значајни историски настани и промоција на културното наследство согласно со Програмата за култура за 2025 на Општина Делчево. Активно учество на учениците/чките и децата од претшколско образование, како и децата од Дневниот центар во настаните: Велигденска изложба, Пијанечки денови на сливата, Разловечко востание, Денови на хуманост и др.

2. Вклучување на учениците/чките преку ученичките заедници и дебатните школски клубови во одбележување на Денот на Европа преку организирање трибини, дебати, квиз-натпревари и сл.

3. Вклучување на учениците/чките во одбележување на 22 Март- Светскиот ден на водата – активно учество на учениците/чките во спортски активности организирани од Општина Делчево и Проектот за подобрување на водоснабдувањето на Делчево со цел јакнење на свеста за значењето на водата за животот и презентација на проектот.

## V Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. Специфична цел 1 Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет и временска** | **Временска рамка** |
| 1.Еднократна парична помош за сите првачиња | Целта е да се даде поддршка на родителите кои ќе ги запишат своите деца во прво одделение во делчевските основни училишта и мотивирање на родителите да ги запишуваат своите првачиња во делчевските училишта. | -Број на поднесени пријави за ЕПП;<br>- Број на исплатена ЕПП (м/ж)<br>-бр.на запишани првачиња (м/ж) | Советник за образование, Одделение за општи и правни работи, основни училишта, | 100х 3.000 ден/ | Септември/ноември 2025 |
| 2.награди за постигнати резултати за прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари | Со цел да се награди трудот и резултатите на учениците кои постигнале значајни резултати, прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари, О.Делчево доделува парични | - бр. на наградени ученици/чки | Одд. за општи и правни работи, училишта | .90.000 | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | награди на учениците/чките . | | | | |
| 3.стипендии за првенци/ки на генерацијата | Награди за вложениот труд за постигнување одлични резултати во образованието и поттик за понатамошни успеси | -бр на доделени стипендии за првенци/ки (м/ж) | Советник за образование, Одд.за општи и правни, училишта | 2x2.000<br>1x3.000<br>Вкупно 7.000 денX9 месеци=63.000 ден | 9 месеци во учебната 2024/25 |
| 4. стипендии за одлични ученици/чки во СОУ: одлични ученички и ученици кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и стипендии за одлични ученички и ученици кои постигнале особен успех во образованието | Поддршка на одлични средношколци и поттикнување за постигнување понатамошни успеси | Бр на апликации по објавени конкурси (м/ж)<br>Бр на стипендисти во 2-те категории (м/ж) | Советник за образование, Комисија за ученички стипендии, СОУ | 10X1.500 (9месеци)<br>8X2.000 (9месеци) | 9 месеци во учебната 2024/25 |
| 5. стипендии за студенти кои студираат на државните факултети во државава: за студенти кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и за студенти кои постигнале особено висок просек | Поддршка на талентирани студени | Бр на апликации по објавени конкурси (м/ж)<br>Бр на стипендисти во 2-те категории(м/ж) | Советник за образование, Комисија за студентски стипендии | 2X2.000<br>2X3.500 | 9 месеци во учебната 2024/25 |
| 6. наградно патување на најдобрите 10 матуранти од делчевската гимназија | Награда за најдобрите 10 матуранти од СОУ-наградно патување низ Европа | Бр на најдобри матуранти (м/ж)<br>Распишан тендер за избор на туристичка агенција | Советник за образование, Комисија за избор на најдобрите матуранти од СОУ, Одд за општи и правни | 300.000 | Мај/јули 2024/25 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7.Промоција на општинските стипендии-изработка на флаери, средби со ученички заедници | Промоција на општинските стипендии со акцент како се добиваат стипендиите од општина Делчево со цел да се запознаат учениците/чките и да се мотивираат дека нивниот труд ќе биде награден. | Изработени флаери,<br>Бр на средби со ученици (м/ж) | Советник за односи со јавноста, советник за образование, ит-администратор СОУ | 1.000 | Септември/октомври2024/25 |
| Организирање дебата за поттикнување на момчињата за да добиваат стипендии и награди | Бидејќи согласно анализите од претходните години, стипендии добиваат повеќе девојчиња кои покажуваат и повисоки резултати во образовниот процес, се иницира дебата за да се поттикнат момчињата, но и да се откријат причините зошто момчиеата постигнуваат послаби резултати во образованието | Бр на организирани дебати<br>Бр на присутни ученици(м/ж) | Советник за образование, советник за односи со јавноста, професори од СОУ, дебатен клуб на СОУ, Локален младински совет | 1.000 | Октомври 2025 |
| Стипендија за ученик/чка со попеченост во СОУ | Поддршка за ученик/чка со посебни потреби во СОУ за постигнати резултати во образовниот процес | Бр на доделени стипендии (м/ж) | О. Делчево, СОУ | 1Х 1.500 за 9 месеци | 9 месеци во 2025 |
| Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. | Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен | Бр на поднесени барања (м/ж)<br>Исплатени средства | О. Делчево Совет на О. Делчево | | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | натпревар. | | | | |

| Специфична цел 2 Обезбедување еднакви образовни можности за сите деца. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на реализација** |
| Награди за најдобри ученици Роми | Поттикнување на ученици/чки Роми за постигнување подобри резултати во образованието и награда за досега постигнатите резултати за најдобрите ученици/чки Роми по повод Меѓународниот ден на Ромите, 7 Април | Бр на доделени награди м/ж) | О. Делчево, советник за образование,<br>Училишта | 2x5.000<br>1x10.000 | Април 2025 |
| Инклузија на ученици/чки со попреченост во образованиот процес | - со цел инклузија на учениците/чките со попреченост во наставниот процес | Бр на вклучени ученици/чки со посебни потреби во образовниот процес<br>Бр. на образовни асистени м/ж | О. Делчево, советник за образование, училишта | | Континуирано во 2025 |
| Поддршка за обезбедување туторска настава за ученици/чки Роми по предметите македонски, математика и англиски јазик за 2,3,4 и 5 одд. | Со цел да се помогне на учениците од ромнска националност за постигнување подобри резултати во наставниот процес, О.Делчево ќе даде поддршка за воведување туторска настава по основните предмети: македонски | Бр на ученици/чки кои посетуваат туторска настава. (м/ж), бр.на ангажирани наставници, бр на одржани часови и постигнати резултати. | О.Делчево, училишта, НВО и МОН | донации | Континуирано 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ј.,математика и англиски ј. | | | | |
| Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, врснично насилство, родова еднаквост, екологија; | Целта е подигање на свеста кај учениците/чките за толеранција и соживот, врсничко насилство, стекнување на познавања за родовата еднаквост, заштитата на животната средина и сл. | Број на реализирани дебати<br>Број на ученици/чки учесници на дебатите | Советник за образование, образовни унституции, дебатни ученички клубови, НВО | 1.000 | Континуиран о 2025/26 |
| Активно учество во активности за поголема безбедност во сообраќајот организирани од ОСБСП | Со цел едукација на учениците/чките од основното и средното образование за поголема безбедност во сообраќајот во соработка со Општина Делчево, образовните институции, детските градинки и ОСБСП во текот на учебната година ќе се спроведуваат активности кои опфаќаат теоретски дел и практичен дел | Број на реализирани активности;<br>Бр на учесници/чки вклучени во активностие | ОСБСП; образовни институции | | Од септември 2025-континуирано |
| Бесплатно згрижување на децата Роми во претшколско образование | Со цел поголем опфат на децата Роми во претшколско образование и обезбедување еднакви образовани можности и во раниот детски развој | Бр на деца Роми м/ж опфатени во претшколско образование | МТСП, Општина Делчево | 15 X 1.500 ден | 12 месеци во 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување предмет ромски јазик и култура во ООУ „Ванчо Прке“ | Со цел изучивање на ромскиот јазик и култура, О. Делчево ќе даде поддршка за воведување факултативна настава по предметот ромски јазик и култура | Бр на часови, бр на ученици (м/ж) | МОН, НВО сектор, О. Делчево | **Донации** | **континуирано** |

| **Специфична цел 3 Подобрување на квалитетот на образовниот процес** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
| 1.обуки за наставен кадар и кадарот во детските градинки | .со цел следење на новините во образованието и воспитно-образовниот процес во детските градинки, овозможување квалитетна настава, наставниот кадар од сите образовни институции согласно планот на училиштата посетуваат соодветни обуки. | Бр на обуки<br>Бр на обучени наставници/воспитувачи (м/ж) | Училишта, наставен кадар, МОН, БРО и други донатори | . | Во текот на учебната 2024/25 |
| осовременување на образовниот процес и условите во училиштата-планирани реконструкции (набавка и примена на нови образовни средства во кабинетите, реконструкција на тоалети, училница и сл) | Со цел осовременување на условите за одвивање на наставата се врши реконструкција на објектите каде се одвива наставниот процес и редовна набавка на потребните средства за наставата и дидактички средства | Бр на реконструкции/ инвестиции | Училишта, МОН, донатори, Општина Делчево | | континуиран о |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Партерно уредување и опремување на новата детска градинка со мебел и опрема и дидактички материјали | Обезбедување услови за прием на дечиња во новата детска градинка | Бр на набавена опрема и мебел и дидактички материјали | Донатори, Општина Делчево | 5.000.000+ 4.900.000 | Во текот на 2025 |

**4. Специфична цел бр 4 Вонаставни активности**

| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни** | **Буџет** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците/чките и дечињата од детската градинка во настани и активности за одбележување на значајни историски настани и промоција на културното наследство согласно со Програмата за култура за 2025 на Општина Делчево и Програма за односи со јавност и промоција на Општина Делчево. Посебно учество на учениците/чките од прехранбената насока во СОУ, со цел промоција на нивните кулинарски вештини и презентација на успесите. | Со цел негување на традицијата, запознавање на младите со настани и обичаи кои се дел од колективната меморија на граѓаните/ките на Делчево, активно учество на учениците/чките и дечињата од претшколско образование во настаните:<br>-Велигденска изложбана творби<br>-Пијанечки денови на сливата<br>-Ден на Ромите<br>-Разловечко востание<br>-Одбележување на ослободувањето на Делчево, Денови на хуманоста, Пијанечко-малешевска свадба. | Бр на учесници/чки во активностите<br>Бр на одржани настани | Советник за образование, училишта, донатори, | **1.000 ден** | Континуирано во 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците/чките во активности по повод Денот на Европа | Со цел промоција на европските вредности, ученици/чки со трибини, дебати, квизови и најразлични др. активности се вклучуваат во одбележување на Денот на Европа | Бр на учесници/чки<br>Бр на одржани настани | Советник за образование, Комисија за култура, ученички заедници | **1.000** | Континуирано 2025 |
| Вклучување на учениците/чките во одбележување на Денот на водите, 22 Март | Со цел промоција на Проектот за подобрување на водоснабдувањето на Делчево и подигнување на сцеста за значењето на водата, се организираат спортски активности. | Број на учесници/чки<br>Бр на настани<br>Бр на доделени награди | Советник за образование, училишта, претставници од Проектот з аподобрување на водоснабдувањето | **3.000** | Март 2025 |
| | | | | | |

## VI Очекувани резултати

Очекуваните резултати со резализацијата на Програмата се однесуваат на остварување на основните цели од Програмата и стимулирање на напредокот во образовниот процес. Исто така, ќе се мотивираат учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност." Врз основа на веројатноста и влијанието, ризиците можеме да ги поделиме на:
- Високи (High)
- Средни (Medium)
-Ниски (Low)

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во образованието се:**
**А) осипување на бројот на ученици и наставен кадар**
-намалување на бројот на паралелките;
-затворање на подрачни училишта поради осипување на учениците;
-намалување на вработени во училиштата,
-непостоење соодветен стручен наставен кадар.

**Б) надворешни влијанија врз училиштата:**
- негативни влијанија врз објектите (пожари/поплави, земјотреси)
-недостапност до училници/канцеларии
-неорганизиран превоз за ученици
-неорганизирано затполување на училиштата
-губење на интернетот
-дефекти врз хардверот и софтверот
-уништување податоци и евиденциски листови

**В) Финансиски буџетски намалувања на средствата:**

-Нередовна или неисплаќање на блок-дотациите за образованието и детската градинка
-Кусок на готовина за извршување работи

**Г) Здравствена и друг вид криза што ќе влијаат на реализација на наставните планови и програми.**

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 г.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на**
**Програмата за образование во Општина Делчево за 2025 година**

| Реден бр. | Активност | Планирани средства во Буџетот | Буџетска програма |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за првачиња | 360.000+персонален данок | D0 |
| 2. | Стипендии за првенци/ки на генерацијата | 63.000+персонален данок | D0 |
| 3. | Стипендии за одлични ученици/чки во СОУ во две категории | 279.000 +персонален данок | D0 |
| 4. | Стипендии за студенти кои се школуваат на државните универзитети во 2 категории | 99.000+ персонален данок | D0 |
| 5. | Наградно патување за 10 најдобри матуранти | 300.000 | A0 |
| 6. | Промоција на општински стипендии | 1.000 | D0 |
| 7. | Награди за постигнати резултати на државни и меѓународни натпревари | 90.000 +персонален данок | D0 |
| 8. | Стипендија за ученици/чки со попреченост | 13.500 +персонален данок | D0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Награди за најдобри ученици Роми | 20.000 +персонален данок | D0 |
| 10. | Бесплатно згрижување деца Роми во претшколско образование | 270.000 (МТСП и ЕЛС) | D0 |
| 11. | Воннаставни активности | 5.000 | G1 |
| 12. | Партерно уредување на новата детска градинка во нас. Расадник и набавка на опрема | 9.900.000 | VA |
| 13. | Финансиска поддршка за учество на меѓународни натпревари | 90.000 +персонален данок | A0 |
| 14. | Вкупно | 1.590.000 +9.900.000=11.490.500 | |

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за образование за 2025 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево и советникот за образование.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

## 10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на доделени општински стипендии; Број на запишани првачиња; Број на запишани средношколци; Број на обуки за наставен кадар; Организирани дебати за соживот, врсничко насилство; Бр на учесници/чки на** | **-Доделени решенија за стипении, Доделени решенија за ЕПП на првачиња и средношколци - активности спроведени за поголема безбедност во сообраќајот од ОСБСП; Учество на обуки на наставниот кадар, -организирани** | **Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци.** | **Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани; Мапирање резултати; Дневна мониторинг алатка; Упатство за набљудување.** | **Мониторинг-месечно Евалуација-на крајот од годината** | **Секретар на Општина, Советник за образование, образовни институции во Делчево.** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **активности од ОСБСП** | **дебати со актуелни теми за младите** | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за образование за 2025 г на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.